Врз основа на член 56, а во врска со член 27 од Статутот на Приватното средно училиште Американска гимназија Скопје, Управниот одбор на ПСУ Американска гимназија Скопје го распишува следниот

**Конкурс**
**за запишување ученици на IB – DP програмата (Меѓународна матура)**
**во учебната 2025/2026 година во Американската гимназија Скопје**
**(прв уписен рок)**

Приватното средно училиште „Американска гимназија Скопје" – Скопје (American High School Skopje) го објавува Конкурсот за упис на ученици **на IB – DP програмата (Меѓународна матура) во учебната 2025/2026 година** во Американската гимназија Скопје, со настава што се изведува на англиски јазик, и тоа за 10 ученици во трета година средно образование.

**УСЛОВИ:**

За да стекнат статус на редовен ученик на **IB – DP програмата (Меѓународна матура)** во ПСУ „Американска гимназија Скопје" - Скопје, кандидатите треба да ги исполнат следните услови:

- да имаат завршено втора година гимназиско образование;
- да имаат многу добар или одличен успех во прва и втора година средно образование;
- да имаат примерно поведение;
- да имаат одлично познавање на англискиот јазик.

Доколку се пријават повеќе ученици од бројот предвиден во објавениот конкурс, по претходно мислење на Гимназијата, се применуваат дополнителни критериуми за упис. Како дополнителни критериуми се утврдуваат: дипломи од меѓународни и републички натпревари и испит на знаења.

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ:**

- **Пополнета пријава за упис на IB – DP програмата** (достапна во просториите на ПСУ „Американска гимназија Скопје“)
- **свидетелства од прва и втора година гимназиско образование** (оригинал)
- **извод од матична книга на родени** (оригинал, без оглед на датумот на издавање)
- **една мала фотографија** (5cm x 7cm)

За рангирање и прием на кандидатите ќе одлучува Училишна комисија. Доколку оцени дека е потребно, Комисијата има право да побара од кандидатот дополнителна документација.

Сите кандидати при аплицирање, односно при доставување на потребната документација за упис, ќе бидат интервјуирани од страна на член на соодветна комисија.

Учениците имаат право да се пријават и со дел од потребната документација за упис, со тоа што истата задолжително треба да ја комплетираат најдоцна до завршување на уписните рокови.

**РОКОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

**Пријавувањето на кандидатите во првиот уписен рок ќе се врши до 25.6.2025 година.**

Ако на конкурсот за упис на IB – DP програмата (Меѓународна матура), во првиот уписен рок останат непополнети места и/или се донесе одлука за зголемување на бројот на ученици, Гимназијата ќе распише Конкурс во втор уписен рок.

Документите се доставуваат во просториите на ПСУ „Американска гимназија Скопје“ – Скопје на адреса бул. Трета македонска бригада бр. 60, Скопје 1000 (зградата на Универзитет Американ Колеџ Скопје).

Заинтересираните кандидати можат да добијат информации за упис кај IB – DP координаторот Ана Трајковска на следната e-mail адреса: ana.trajkovska@ahss.edu.mk или на следниот контакт:


Американска гимназија Скопје
Трета Македонска Бригада 60, 1000 Скопје
+389 2 2469 993
info@ahss.edu.mk